Бр./Nr 12-3746/2

16-12-2020 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител – -----------------, Градоначалник на Општина --------------, на продолжението на 42-та седница одржано на 14.12.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата поднесена од познат подносител – -------------, Градоначалник на Општина ----------------, до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-5792/1 од 26.12.2019 година, во која се укажува на сомневање за незаконски и коруптивни дејствија од страна на лице со службена положба и овластување кое со своето постапување го оштетило државниот буџет, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата по увидот во содржината на пријавата утврди дека нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување по предметот, односно постапува друг надлежен државен орган.

Предметот со број 12-5792/1 од 26.12.2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-5792/1 од 26.12.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – -----------------, Градоначалник на Општина -------------.

Во пријавата се укажува на за сомневање за незаконски и коруптивни дејствија од страна на лице со службена положба и овластување кое со своето постапување го оштетило државниот буџет. Согласно наводите од пријавата, поранешниот градоначалник на Општина ---------------, -----------------, овозможил да се спроведе постапка за јавно набавување на градежни работи за изградба на административна зграда

на Општина -------------- каде општината се јавува како инвеститор, склучил договор за изградба на објектот и го воведол на работа изведувачот без одобрение за градба. Исто така, се наведува дека иако постоечкиот административен објект бил во постапка за санирање, наместо оваа поекономична одлука, градоначалникот се одлучил на инвестиција на повеќе од 17 милиони денари во дивоградба, со што ги злоупотребил државните средства и нанел штета на Општина --------------- поради тоа што изградената дивоградба не ги исполнува условите од Законот за постапување со бесправно изградени објекти и како таков би требало да се сруши. Согласно наводите и прилозите на пријавата, за овој случај е поднесена кривична пријава до Основно Јавно Обвинителство ------------ во месец декември 2019 година.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај, а со оглед дека за пријавениот случај е поднесена кривична пријава до Основно јавно обвинителство ------------, Државната комисија за спречување на корупцијата, оцени дека се работи за пријава која не содржи елементи за нејзино надлежно постапување согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради постапување на друг надлежен државен орган.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК:
Изработил: м-р Б.К.Ш, Советник
Одобрил: С.П.Д, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**